МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 65-б став (4) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИ-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ШУМСКОКУЛТУРНИ РАБОТИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СЕЧА И ДОТУР

**Член 1**

Во Правилникот за минимални-технички средства и човечки ресурси кои треба да ги исполнува правното лице за извршување шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур ("Службен весник на Република Македонија" бр.183/14), членот 2 се менува и гласи:

"Правното лице за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур треба да ги има следните минималните технички средства и тоа за:

1. Сеча на огревно дрво/ техничко дрво, да обезбеди доказ дека поседува најмалку една моторна пила со наведување на вид и тип (марка) на моторна пила и

2. За дотур на огревно дрво/техничко дрво, да обезбеди најмалку еден трактор со јачина над 29KW или најмалку три средства за влеча-запрега.".

**Член 2**

Членот 3 се менува и гласи:

„Правното лице за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур треба да обезбеди доказ дека има вработено најмалку по еден секач и еден дотурач со завршено основно образование.".

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 47 – 2514/8
17 јуни 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Трајан Димковски, с.р.